***Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

# ***П Р А В И Л Н И К***

***за дополнување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија***

*-Скопје, јуни  2012 година-*

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11 и 148/11), министерот за одбрана, донесе

***П Р А В И Л Н И К***
***за дополнување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија***

***Член 1***

Во Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр.01-5145/1 од 18.07.2011 година и бр.01-5758/1 од 29.09.2011 година, по членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи

Член 16-а

Одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на начинот на исплатата и висината на надоместокот за вршење на служба за дежурство и стражарска служба нема да се применуваат од денот на влегување во сила на овој правилник до 31.12.2012 година.

За периодот од став 1 на овој член, времето поминато на вршење на служба за дежурство и стражарска служба, ќе се надоместува со користење на слободни денови.

Начинот на користење на слободни денови со наредба го регулира Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

***Член 2***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***
***д-р Фатмир Бесими***

*Бр.* 01-3579/1
29-06-2012 *2012 година*
*Скопје*

Изработиле: Милан Андоновски
пполк Спасоја Дамјаноски
Одобрил:Петар Есмеров

# *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11 и 148/11) согласно кој начинот за исплата и висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови ги утврдува министерот за одбрана.

Дополнувањето на предметниот Правилник е во контекст на рестриктивните мерки на Владата на Република Македонија насочени кон користењето, односно намалувањето на финансиските средства од страна на буџетските корисници, а особено и од извршениот ребаланс на Буџетот на Република Македонија. Во рамките на извршените согледувања од финансиски аспект, согледана е можноста да се изврши мораториум на одредбите кои се однесуваат на начинот на исплатата и висината на надоместокот за вршење на служба за дежурство за временскиот периодот од 01.06 до 31.12.2012 година, за кој период времето поминато на вршење на служба за дежурство, би се пресметувало и надоместувало со користење на слободни денови и истото би се регулирало со посебна наредба на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вржење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр.01-5145/1 од 18.07.2011 година, бр.01-5758/1 од 29.09.2011 година и бр.01-3579/1 од 29.06. 2012 година, министерот за одбрана, донесе

## *РЕШЕНИЕ*
### *за утврдување на висината на надоместокот за вршење на стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови*

1. Висината на надоместокот за вршење на служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови изнесува 610,00 денари.

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за утврдување на висината на надоместокот за вршење на стражарска служба и служба на посебни воени објекти бр.02-5145/2 од 19.07.2010 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

*МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА*
*д-р Фатмир Бесими*

*Бр.* 02-3579/2
29-06-2012 *2012 година*
*Скопје*

Изработиле:Милан Андоновски/
пполк Спасоја Дамјаноски
Одобрил:Петар Есмеров